Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГИТАЛЕН БИЗНИС (5.02.00.04) НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1202-69/7 од 18.9.2026 година донесена на 284. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 17.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научната област дигитален бизнис (5.02.00.04) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **д-р Сашо Јосимовски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област дигитален бизнис - претседател;

– **д-р Лидија Пулевска Ивановска**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област дигитален бизнис – член;

– **д-р Тамара Јованов Апасиева**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област маркетинг – член.

Конкурсот за овој избор е објавен на 15.8.2026 година во дневните весници „Слободен печат” и „Коха”, при што во предвидениот рок се пријави само кандидатот вонреден проф. д-р Златко Бежовски, вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на прегледот на приложената документација од кандидатот д-р Златко Бежовски, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Пријавениот кандидат д-р Златко Бежовски е роден на 10 октомври 1977 година во Велес. Своето основно образование го завршил во ОУ „Григор Прличев“ во Скопје. Првите три години од средното образование ги поминал во Гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје, додека со диплома за завршено средно образование се стекнал во 1996 година во Средното училиште во Линден, Њу Џерси во САД.

Кандидатот во 1996 година се запишува на додипломски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Економски факултет на насоката Менаџмент, при што студиите ги завршува во 2000 година со просечна оценка од 8,48. Постдипломски студии запишал на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ги завршил во 2007 година со просечна оценка од 8,50. Магистерскиот труд на тема „Оптимизација на пребарувањето во Република Македонија како можност за некомерцијален трансфер на технологија“ го одбранил на 12.3.2007 година, по што се стекнал со звање магистер по економски науки од областа на претприемништвото.

Кандидатот во летниот семестар во 2010 година остварил студиски престој на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во САД на Економскиот факултет (School of Business) на департманот за Менаџмент на информациски технологии и системи, каде што ги надградува своите знаења од оваа област и се запознава со методиката на работа во високото образование во САД.

Своето образование кандидатот го продолжил на департманот за Е-бизнис на Економскиот факултет – Скопје, каде што на 12.9.2014 година успешно ја одбранил докторската теза под наслов „Оптимизација на пребарувањето како алатка за интернет бизнисите од Македонија“, со што се стекнал со титула доктор по економски науки.

Од работно искуство кое кандидатот го остварува во својата кариера, како релевантни ги издвојуваме изборот на д-р Златко Бежовски за асистент во 2007 г., изборот за доцент во 2017 г. и изборот за вонреден професор од областа на Е-бизнисот во 2022 г., сите на Економски факултет во Штип при УГД, каде што ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент и Дигитален маркетинг.

Во делот на научноистражувачката работа д-р Златко Бежовски во својата академска кариера објавува бројни научни и стручни трудови, како и други рецензирани и нерецензирани публикации, при што поголемиот дел од неговата научноистражувачка и стручна активност е фокусирана на теми од областа на дигиталниот бизнис.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Општи услови за избор:

- Просечен успех: Д-р Златко Бежовски **на прв циклус студии, како дипломиран економист има остварен просечен успех од 8,48, додека на втор циклус студии, како магистер на економски науки има остварен просечен успех од 8,50**
- Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира: Д-р Златко Бежовски е **доктор на економски науки**, при што јавно на 12.9.2014 година ја одбранил докторската дисертација **од областа на е-бизнисот (дигитален бизнис)** под наслов „Оптимизација на пребарувањето како алатка за интернет бизнисите од Македонија“ на департманот за Е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје.
- Претходен избор во звање: На 17.2.2022 година д-р Златко Бежовски е **избран во звање вонреден професор** на Економскиот факултет при УГД во Штип во областа е-бизнис (сега именувана како дигитален бизнис).

Објавени научни трудови во референтни научни публикации согласно со Законот за високото образование: Од изборот за вонреден професор (во последните 5 години) кандидатот има објавено **11 меѓународни труда** од кои на 9 се јавува како прв автор. (Трудовите на д-р Бежовски се презентирани подолу

во извештајот, а сите трудови се достапни во репозиториумот на следниот линк https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Bezovski=3AZlatko=3A=3A.html)

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик: Кандидатот доставил **потврда за познавање на англиски јазик** издадена од Институтот за јазици при УГД.
- Рецензиран универзитетски учебник: Кандидатот во 2026 година **издава рецензиран универзитетски учебник** под наслов „Електронски бизнис“ (ISBN: 978-608-277-150-2) достапен во е-библиотеката на УГД (http://e-lib.ugd.edu.mk/1266).
- **Способност** за изведување на високообразовна дејност: Академската кариера на кандидатот Бежовски започнува уште во 2007 година со изборот како асистент, за во 2017 г. ќе биде избран за доцент, а во 2022 година за вонреден професор на Економскиот факултет во Штип. Притоа ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент, Дигитален маркетинг и други.

Посебни услови:

- Учество во научноистражувачки **проекти**: Кандидатот Бежовски учествува во три проекти од кои еден е меѓународен и научноистражувачки, а два се стручно-апликативни интерни проекти на УГД. На овие два проекти Бежовски е и раководител. (Проектите за наведени подолу во евалуацијата.)
- **Менторство** на изработени дипломски трудови: Кандидатот бил ментор на 8 дипломски труда и претседател и член на бројни комисии за одбрана на дипломски и магистерски тези.
- Придонес во **оспособувањето на помлади наставници и соработници**: Активно соработува на проекти и трудови со помладите наставници и соработници вработени на Економскиот факултет при УГД, како и со ангажираните демонстратори.
- Кандидатот проф. д-р Бежовски **го има остварено потребниот број на поени** (минимум 100) кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=105,2; (САОР)=32 или вкупно 177,2 поени. (Детали подолу во табелата.)

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Златко Бежовски за првпат е избран како асистент на Економски факултет во Штип, на 7.6.2007 г., додека реизбран е во истото звање на 3.6.2010 г. На работното место асистент кандидатот држи вежби за предметите: Е-бизнис, Сметководство, Анализа на финансиски извештаи, Управувачко сметководство, Економика на претпријатија и др.

Во 2010 г. во рамките на програмата JFDP финансирана од Американскиот совет, кандидатот во летниот семестар заминува на студиски престој на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во САД на Економскиот факултет (School of Business) на Департманот за менаџмент на информациски технологии и системи, каде што се запознава со тамошните наставни програми и педагошки методи на работа со цел истите да ги примени и во нашата земја.

За доцент на Економски факултет (УГД) – Штип, д-р Златко Бежовски е избран на 9.6.2017 г. и ги предава предметите: Е-бизнис, Менаџмент информациски системи, Деловно планирање, Производствен менаџмент и

Однесување на потрошувачите. Во 2020 г. издава скрипта и практикум по предметот Е-бизнис. На 17.2.2022 година д-р Златко Бежовски е **избран во звање вонреден професор [1]** на Економски факултет при УГД - Штип во областа е-бизнис. Во 2026 г., Бежовски издава рецензиран универзитетски учебник под наслов „Електронски бизнис". Ментор е на 8 дипломски труда и претседател и член на повеќе комисии за одбрани на дипломски и магистерски трудови.

Од изборот за вонреден професор (во последните 5 години) кандидатот има објавено 11 референтни научни труда во списанија со меѓународен одбор од кои дел во земјата, а дел во странство. На 9 од објавените трудови се јавува како прв автор (на 6 самостојно и 3 во коавторство), а на останатите 2 како трет автор во коавторство со други професори и соработници.

Дополнително, кандидатот учествува во три проекти од кои еден е меѓународен и научноистражувачки, а два се стручно-апликативни интерни проекти на УГД. На овие два стручно-апликативни проекти проф. Бежовски е и раководител.

Евалуација на научните трудови

Трудови објавени во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот:

Бр.	Автор(и)	Наслов на трудот / линк	Публикација	Година
1.	Bezovski, Zlatko (2025)	The New 3P Model in Digital Marketing: Redefining the Marketing Mix for the Digital Age https://eprints.ugd.edu.mk/34965/	Asian Journal of Management, Entrepreneurship and Social Science. ISSN 2808 7399	2025
2.	Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024)	Online methods for validating and testing entrepreneurial ideas: A new product development perspective. https://eprints.ugd.edu.mk/34899/	Management Research and Practice, 16 (1). ISSN 2067- 2462	2024
3.	Bezovski, Zlatko (2024)	"Business Concept Proofing 3.0" - A New Model for Validating and Testing Product Ideas in the Digital Environment. https://eprints.ugd.edu.mk/35247/	Annals of "Dunarea de Jos" University of Galati Fascicle I. Economics and Applied Informatics, 2024 (3). ISSN 1584-0409	2024
4.	Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024)	A Framework Proposal for Building Ideation Models on the Front End of Innovation. https://eprints.ugd.edu.mk/35286/	Management Dynamics in the Knowledge Economy, 12 (4).	2024
5.	Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2024)	Shaping the Next Generation of Online Entrepreneurs: A Policy Framework.. https://eprints.ugd.edu.mk/38637/	Journal of Economics, 9 (2). ISSN 1857-9973	2024
6.	Bezovski, Zlatko (2024)	Influencer Marketing Strategies for Small Businesses: Navigating the Digital Landscape with Limited Resources.https://eprints.ugd.edu.mk/38638/	Marketing, 21 (1). ISSN 857-9787	2024

7.	Bezovski, Zlatko (2024)	Content length recommendations for alternative tourism web pages: a comparative analysis of rural, wine, and adventure travel. https://eprints.ugd.edu.mk/34898/	Asian Journal of Management Entrepreneurship and Social Science, 04 (04). ISSN 2808 7399	2024
8.	Bezovski, Zlatko (2024)	Framework for designing idea management software systems. https://eprints.ugd.edu.mk/38639/	Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 67 (1). ISSN 2545-4439	2024
9.	Bezovski, Zlatko (2024)	Aligning Article Word-Count with Search Query Length: Insights from the Health and Wellness Industry. https://eprints.ugd.edu.mk/38702/	Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 1 (67). ISSN 2545-4439	2024
10.	Temjanovski, Riste and Locu, Afrim and Bezovski, Zlatko (2025)	Transforming Human Resource Management in Healthcare: The Role of Artificial Intelligence and Industry 5.0. https://eprints.ugd.edu.mk/36173/	Journal of Economics, 10 (1). pp. 54-71. ISSN 1857-9973	2025
11.	Sofijanova, Elenica and Stojanovska, Mare and Bezovski, Zlatko (2025)	Time importance and significance during managing new projects. https://eprints.ugd.edu.mk/36536/	Macedonian International Journal of Marketing, 10 (19). pp. 5-15. ISSN 1857-9787	2025

Референтни трудови во кои д-р Златко Бежовски се јавува како самостоен автор:

[2] Bezovski, Zlatko (2025) ***The New 3P Model in Digital Marketing: Redefining the Marketing Mix for the Digital Age***. Asian Journal of Management, Entrepreneurship and Social Science. ISSN 2808 7399

Евалуација на трудот: Трудот „The New 3P Model in Digital Marketing: Redefining the Marketing Mix for the Digital Age“ претставува оригинален придонес во областа на дигиталниот маркетинг преку предлагање нов концептуален модел на маркетинг-микс, приспособен на карактеристиките на современото дигитално деловно окружување. Авторот го редефинира традиционалниот 4P модел и предлага поедноставена структура заснована на три елементи: Product, Platform и Promotion. Посебна вредност на трудот претставува проширувањето на концептот „Place“ во „Platform“, со што се опфаќаат современите дигитални платформи како централни точки за присуство, комуникација со потрошувачите, дистрибуција и поддршка на деловните процеси. Истовремено, концептите Product и Promotion се разгледуваат во контекст на дигитални и хибридни производи, интерактивност, персонализација и користење податоци во маркетинг-активностите. Предложениот 3P модел има теоретска и практична применливост и претставува обид за поврзување на традиционалната маркетинг-теорија со специфичностите на дигиталната економија. Трудот е релевантен и за наставно-образовниот процес, бидејќи нуди јасна и современа рамка за изучување и практична примена на дигиталниот маркетинг.

[3] Bezovski, Zlatko (2024) ***“Business Concept Proofing 3.0” - A New Model for Validating and Testing Product Ideas in the Digital Environment.*** Annals of “Dunarea de Jos” University of Galati Fascicle I. Economics and Applied Informatics, 2024 (3). ISSN 1584-0409

Евалуација на трудот: Трудот предлага нов, акциски ориентиран модел за валидација и тестирање на производни идеи, приспособен на потребите на дигиталните претприемачи. Моделот „Business Concept Proofing 3.0" интегрира елементи од познати пристапи како Stage-Gate, Lean Startup и Design Thinking, надополнети со современи дигитални алатки и ресурси, меѓу кои Google Trends, големи јазични модели, анализа на социјални медиуми и платформи за лансирање производи. Неговата основна карактеристика е комбинирањето на структуриран процес со доволно флексибилност за континуирана пазарна валидација, од почетната идеја до лансирањето на производот. Преку илустративни сценарија се прикажува практичната применливост на моделот во реални услови, особено во средини со ограничени ресурси и висока пазарна динамика. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во развојот на современ модел што ги поврзува постојните методологии за развој на нови производи со можностите и специфичностите на дигиталното претприемништво.

[**4**] Bezovski, Zlatko (2024) ***Influencer Marketing Strategies for Small Businesses: Navigating the Digital Landscape with Limited Resources.*** Marketing, 21 (1). ISSN 1857-9787

Евалуација на трудот: Трудот ги анализира стратегиите за примена на инфлуенсер маркетингот кај малите бизниси кои располагаат со ограничени финансиски, човечки и аналитички ресурси. Врз основа на интегративен преглед на литературата и релевантните практики, истражувањето ги систематизира клучните аспекти на успешната примена на инфлуенсер маркетингот: избор на соодветни инфлуенсери, видови спонзорства, креирање содржини и следење на резултатите. Посебно се истакнува потенцијалот на микро и локалните инфлуенсери, долгорочните партнерства, ко-креирањето содржини и моделите на надомест базирани на перформанси, како што се affiliate marketing и product gifting. Трудот укажува дека автентичноста, внимателниот избор на инфлуенсери, флексибилните модели на соработка и користењето достапни показатели за ангажираност и поврат на инвестицијата претставуваат клучни елементи за ефикасни кампањи кај малите претпријатија. Практичниот придонес на трудот се состои во систематизирањето на применливи и ресурсно ефикасни насоки за користење на инфлуенсер маркетингот како инструмент за зголемување на видливоста, ангажираноста на публиката и одржливиот раст на малите бизниси.

[**5**] Bezovski, Zlatko (2024) ***Content length recommendations for alternative tourism web pages: a comparative analysis of rural, wine, and adventure travel***. Asian Journal of Management Entrepreneurship and Social Science, 04 (04). ISSN 2808 7399

Евалуација на трудот: Трудот ја истражува должината на веб-содржините како значаен елемент на стратегијата за содржински маркетинг во алтернативниот туризам, преку компаративна анализа на високо рангирани веб-страници од руралниот, винскиот и авантуристичкиот туризам. Истражувањето настојува да утврди карактеристични обрасци во бројот на зборови и врз таа основа да понуди практични препораки за оптимална должина на содржините во различни туристички сегменти. Практичната вредност на трудот се состои во формулирањето конкретни насоки за креирање и приспособување веб-содржини во три различни сегменти на алтернативниот туризам.

[**6**] Bezovski, Zlatko (2024) ***Framework for designing idea management software systems.*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 67 (1). ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Трудот предлага сеопфатна рамка за дизајнирање софтверски системи за управување со идеи, насочена кон современите потреби на организациите во процесите на иновациски менаџмент. Рамката интегрира пет клучни елементи: стратегиска усогласеност, извори на идеи, учесници во процесот на идејација, обработка на идеи и технолошка инфраструктура. Посебно се нагласува потребата иновациските активности да бидат усогласени со организацискатa стратегија, да се вклучат различни внатрешни и надворешни извори на идеи и да се поттикне активното учество преку јасно дефинирани улоги и механизми. Рамката предвидува и примена на алатки засновани на вештачка интелигенција за евалуација и обработка на идеи, континуирани повратни информации и соодветна, безбедна и скалабилна инфраструктура. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во понудата на структуриран, но флексибилен пристап за развој на интегрирани системи за управување со идеи, применливи во различни организациски контексти и насочени кон поефикасно претворање на идеите во иновациска и деловна вредност.

[**7**] Bezovski, Zlatko (2024)_***Aligning Article Word-Count with Search Query Length: Insights from the Health and Wellness Industry.*** Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 1 (67). ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Трудот ја истражува поврзаноста меѓу должината на пребарувачките фрази и оптималната должина на веб-статиите во индустријата за здравје и здрави животни навики, со цел подобро приспособување на содржината кон намерите на корисниците и критериумите на пребарувачите. Истражувањето опфаќа анализа на 2.458 високорангирани веб-статии за пребарувања составени од еден до шест клучни зборови, при што се применуваат дескриптивна статистика, анализа на модални интервали, Chi-Square тестови и K-Means кластеризација. Резултатите укажуваат дека различната должина на пребарувачките фрази е поврзана со различни оптимални опсези на должина на содржината и дека кај секоја група се појавуваат два карактеристични врва (peaks) на бројот на зборови, што упатува на можност за примена на повеќе содржински стратегии во зависност од намерата на корисникот. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во обезбедување емпириски засновани и индустриски специфични насоки за оптимизација на должината на веб-содржините, применливи во содржинскиот маркетинг и SEO практиките.

Референтни трудови во кои д-р Златко Бежовски се јавува како прв автор во коавторство:

[**8**] Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024) ***Online methods for validating and testing entrepreneurial ideas: A new product development perspective.*** Management Research and Practice, 16 (1). ISSN 2067-2462

Евалуација на трудот: Трудот ги систематизира и анализира современите онлајн методи и алатки за валидација и тестирање на претприемнички

идеи во рамките на осумфазниот процес на развој на нов производ (New Product Development – NPD). Посебно се разгледуваат алатките за анализа на интересот на пазарот, конкурентската средина и повратните информации од потенцијалните корисници, како и методите за тестирање на концептот преку crowdfunding, претпродажба и симулирана продажба. Во подоцнежните фази се анализира употребата на прототипи, минимално одржливи производи (MVP), бета-верзии и тест-маркетинг. Трудот ја истакнува улогата на дигиталните алатки во забрзување, поевтинување и демократизирање на процесот на пазарна валидација, но ги посочува и ограничувањата поврзани со пристрасноста на податоците и дигиталниот јаз. Научниот и практичниот придонес на трудот се состои во поврзувањето и систематизацијата на различни онлајн методи во рамка што овозможува поитеративен и кон корисникот ориентиран пристап во развојот и проверката на нови деловни и производни идеи.

[**9**] Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2024) ***A Framework Proposal for Building Ideation Models on the Front End of Innovation.*** Management Dynamics in the Knowledge Economy, 12 (4).

Евалуација на трудот: Трудот предлага концептуална рамка за развој и конструирање модели за идеација во раната фаза на иновацискиот процес (Front End of Innovation – FEI). Врз основа на интегративен преглед на литературата, авторите ги идентификуваат клучните недостатоци на постојните модели, како што се нивната ограничена применливост надвор од корпоративниот контекст, прекумерната сложеност, недоволната оперативност и слабата интеграција на современи дигитални алатки и техники. Предложената рамка дефинира шест клучни димензии што треба да се земат предвид при креирање нови модели за идејација: ориентација, опфат и контекст на моделот; тип и двигатели на иновациите; структура и визуализација; тек на активности, флексибилност и адаптивност; основни FEI активности и ниво на деталност; како и избор на соодветни алатки и техники. На тој начин, трудот нуди систематизирана методолошка основа што може да им послужи на истражувачите и практичарите при развој на нови, контекстуално приспособени и практично применливи модели за идејација.

[**10**]Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2024) ***Shaping the Next Generation of Online Entrepreneurs: A Policy Framework.*** Journal of Economics, 9 (2). ISSN 1857-9973

Евалуација на трудот: Трудот предлага сеопфатна рамка на политики за поттикнување и развој на новата генерација онлајн претприемачи, со посебен акцент на младите и на нивното постепено подготвување за дејствување во дигиталната економија. Рамката ги опфаќа различните фази на образованието и претприемничкиот развој, почнувајќи од рано поттикнување на креативноста, решавањето проблеми и лидерските способности, преку развој на дигитална и финансиска писменост, деловни модели и практични претприемнички вештини, до менторство, вмрежување и пристап до финансиски средства. Посебно се нагласува значењето на дигиталните компетенции, претприемничката самодоверба (self-efficacy), инкубаторските и акцелераторските програми, регулаторното поедноставување и пристапот до соодветна дигитална инфраструктура. Практичниот придонес на трудот се состои во формулирањето интегрирана рамка со конкретни насоки за

креаторите на политики, образовните институции и организациите за поддршка на претприемништвото во создавање поповолна средина за развој на дигиталното претприемништво.

Останати референтни трудови (трет автор):

[11] Temjanovski, Riste and Loku, Afrim and **Bezovski, Zlatko** (2025) ***Transforming Human Resource Management in Healthcare: The Role of Artificial Intelligence and Industry 5.0.*** Journal of Economics, 10 (1). pp. 54-71. ISSN 1857-9973

Евалуација: Трудот го анализира влијанието на вештачката интелигенција и концептот Индустрија 5.0 врз управувањето со човечките ресурси во здравствениот сектор, со посебен акцент на подобрување на ефикасноста, процесите на регрутација и селекција, ангажираноста на вработените и планирањето на работната сила. Посебно внимание е посветено на човеково-центричниот пристап на Индустрија 5.0 и на можностите за соработка меѓу вработените и напредните технологии, како и на искуствата од земјите од Западен Балкан. Во трудот се разгледуваат и примената на предиктивната аналитика, персонализираниот развој на вработените и проактивното планирање на човечките ресурси, паралелно со предизвиците поврзани со приватноста на податоците, етичките прашања и потребата од соодветни механизми за управување и контрола. Трудот има теоретска и практична вредност во согледувањето на можностите и ограничувањата на примената на современите дигитални технологии во управувањето со човечките ресурси во здравството.

[12] Sofijanova, Elenica and Stojanovska, Mare and **Bezovski, Zlatko** (2025) ***Time importance and significance during managing new projects.*** Macedonian International Journal of Marketing, 10 (19). pp. 5-15. ISSN 1857-9787

Евалуација: Трудот го разгледува значењето на управувањето со времето како еден од клучните фактори за успешно планирање и реализација на нови проекти. Посебно внимание се посветува на влијанието на временските ограничувања, роковите, зголемениот работен притисок и потребата од постојана достапност врз продуктивноста и ефикасноста на поединците и проектните тимови. Во трудот се нагласува улогата на техники како поставување приоритети, поделба на сложените задачи на помали активности, намалување на одвлекувањата на вниманието и фокусирање на навремено постигнување на поставените цели. Практичниот придонес на трудот се состои во систематизирање на основните принципи и техники на управување со времето како важна компонента на проектниот менаџмент, со цел намалување на стресот, зголемување на продуктивноста и поефикасно остварување на проектните резултати.

Учество во научен проект* [14]*:

- **Business eco system as an integrated system-Be In (2023)**

Проект финансиран од ЕУ преку програмата за меѓугранична соработка ИНТЕРРЕГ ИПА

Тим: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and

Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Покрај научноистражувачката работа кандидатот пројавува и особен интерес и активности во стручно-апликативната дејност во насока на примена на научните сознанија во наставата и практиката и понатамошно продлабочување на стручните и научни сознанија кои воедно имаат и повратен ефект на нивна примена во наставниот процес. Воедно учествува и во факултетски, универзитетски тела и комисии.

Книга/учебник* [15]*:

Бежовски, Златко (2026) ***Електронски бизнис - учебник.*** Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. ISBN 978-608-277-150-2

Евалуација: Учебникот под наслов „Електронски бизнис“, чиј автор е Златко Бежовски, претставува сеопфатен водич низ современиот дигитален економски пејзаж. Ова дело детално ги прикажува сите клучни аспекти на модерното работење, почнувајќи од теоретските основи на дигиталното општество, па сè до практичните чекори за лансирање и управување со успешен е-бизнис. Преку систематски пристап кој ги опфаќа е-бизнис моделите, дигиталниот маркетинг и комплексните back-end системи како ERP и CRM, учебникот нуди вредни знаења за студентите и професионалците кои се стремат кон успех во висококонкурентната дигитална ера. Покрај темелната теоретска анализа, учебникот вклучува и релевантни илустрации и табели, како и бројни реални примери од деловното опкружување, вклучувајќи и успешни македонски е-бизнис потфати, што овозможува директна примена на наученото во локален и глобален контекст.

Автор/уредник на (стручно-популарен) веб-сајт;

- Biizly.com – Online Business Startup Guide, **Bezovski, Zlatko** (главен и одговорен уредник, како и автор на повеќе статии), период: 2017 – тековно.

Креатор на мобилна апликација:

- IDEA Takeoff – Discover, Capture and Track Business Ideas (2026) https://play.google.com/store/apps/details?id=com.ideatakeoff

Стручно-апликативни проекти

[16] ВЕБ СТРАТЕГИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП И РЕДИЗАЈН НА ПОРТАЛОТ (2023)

- Интерен проект на УГД со практична имплементација.
- Тим: **Раководител: Bezovski, Zlatko.** Членови: Jovanov, Tamara and Zdravev, Zoran.

[17] БИДИ ЕКОНОМИСТ (2022)

- Интерен проект: Дводневен настан со серија предавања, работилници и други активности за запознавање на можностите за студирање на Економскиот факултет во Штип и афирмација и запознавање со наставниот кадар на факултетот.
- Тим: **Раководител: Bezovski, Zlatko.** Членови: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica and Mitreva, Mila and Arsova, Monika.

Останати активности

Меѓу останатите активности на кандидатот д-р Златко Бежовски кои се вбројуваат во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност ќе ги издвоиме следните:

- Изработка на Елаборатот за наставна програма МБА (двогодишна) во 2024/2025 година **[18];**
- Раководител на Катедра за менаџмент (2023/25) **[19];**
- Член на Универзитетски сенат (2023/2025) **[20];**
- Член на комисија за самоевалуација - од 2021 до 2024 год. **[21];**
- Ментор на 8 дипломски работи и член на бројни комисии за дипломски и магистерски трудови.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на доставената документација од единствениот пријавен кандидат вонреден професор д-р Златко Бежовски, Комисијата констатира дека:

Кандидатот **д-р Златко Бежовски ги исполнува потребните законски услови за избор во наставно-научно звање редовен професор во областа дигитален бизнис.** Имено, кандидатот е доктор на економски науки во соодветната научна област, го има потребниот просечен успех на прв и втор циклус студии, потребните минимум 6 трудови во референтни научни списанија и/или публикации како и рецензиран учебник од областа во која се избира. Исто така, кандидатот претходно е избран за вонреден професор на Економскиот факултет (УГД) во Штип и поседува докажана способност за изведување на високообразовна дејност.

Покрај општите законски услови, кандидатот ги исполнува и предвидените посебни услови за избор во наставно-научно звање за научната област дигитален бизнис и се одликува со високи афинитети и солидни постигнувања во наставната дејност, научноистражувачка работа како и стручно апликативна примена на научните резултати.

Д-р Златко Бежовски веќе 16 години работи во високото образование од кои 6 како соработник (асистент) и 10 како наставник (доцент и вонреден професор) на Економскиот факултет во Штип, период во кој активно придонесува во наставниот процес и научноистражувачката работа на оваа институција. Менторира изработка на дипломски трудови, а дава придонес и во оспособувањето на помлади соработници. Во својата академска кариера кандидатот објавува бројни научни и стручни публикации, учествува на домашни и меѓународни конференции, води и учествува во научни и стручно-апликативни проекти. Кандидатот воедно остварува и континуирани активности за примена на знаењето во практичен бизнис контекст. Сите овие аспекти недвосмислено говорат во прилог на квалитетите на д-р Златко Бежовски како наставно-научен работник.

Според табелата со која се бодуваат целокупните активности на кандидатот за избор во звање (дадена во прилог), д-р Златко Бежовски ги постигнува следните резултати:

- наставно-образовна дејност (НО) = 40 поени;

- научноистражувачка дејност (НИ) = 105,2 поени;
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 32 поени,

односно **вкупно (НО+НИ+САОР) = 177,2 поени**, со што го достигнува и надминува потребниот број на предвидени минимум поени (100) за избор во звање редовен професор.

Поаѓајќи од наведеното, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го избере вонредниот професор д-р Златко Бежовски во наставно-научно звање редовен професор во наставно-научната област дигитален бизнис.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Сашо Јосимовски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Лидија Пулевкса Ивановска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Тамара Јованов Апасиева, редовен професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ЗА ИЗБОР НА Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ ВО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Р. бр.	**Наставно-образовна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
5.	Избор во звање вонреден професор [**1**]	1	40			40
	ВКУПНО					**40**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
4.а	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв и еден автор) [**2-7**]	3	9	3	9	(6x9x1.3) 70.2
4.б	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор/ до три автори) [**8-10**]	1	9	2	9	(3x9) 27
4.в.	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (трет автор) [**11-12**]	2	3			6
14	Учесник на научен проект [**14**]	1	2			2
	ВКУПНО					**105,2**
Р. бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
1.	Книга/учебник [**15**]	1	10			10
13.	Учесник во проект [**16,17**]	2	5			10
17.	Елаборати и експертизи [**18**]	1	2			2
26.	Раководител на катедра [**19**]	1	3			3
27.	Член на универзитетски тела (Сенат) [**20**]	1	5			5
28	Член на факултетски орган, комисија [**21**]	1	2			2
	ВКУПНО					**32**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**177,2**